# ОБРАЗЕЦ ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ ПРЕТСТАВКА/РЕАКЦИЈА

**Подносител – Име и презиме**

**Податоци за контакт: Поштенска адреса/електронска адреса и/или телефонски број** (за доставување одговор)

**Назив на субјектот на кој се однесува претставката/реакцијата** (радио, телевизија, оператор на јавна електронска комуникациска мрежа, печатен медиум)

**1ТВ ДООЕЛ**

**Датум и период (време на емитување или реемитување) на кој се однесува претставката/реакцијата**

**15.01.2019 – 15.02.2019** Најавна шпица за емисија „Македонски инсајдер" – дневно реемитување

**Опис**

(Подетално образложете на што точно се однесува Вашата реакција)

Почитувани,

На 15.1.2019 телевизијата 1ТВ почна да емитува најавна шпица за нова емисија под името „Македонски инсајдер" во кој е грубо нарушен новинарскиот код и етика од страна на телевизијата 1ТВ. Во најавната шпица се спомнува моето име без никаков основ, а директно го нарушава мојот углед, чест и достоинство најавувајќи ме како мафијаш пред целата македонска јавност.

За емисијата и презентираните содржини во најавата шпица за „Македонски инсајдер", прв пат дознав по објавувањето на шпицата откако добив телефонски реакции од многу познаници. Бев изненаден бидејќи никој од редакцијата на телевизијата ниту ме побарал, ниту ми дал шанса да одговорам на оптужувањата, а јавно ме линчуваат инеосновано го оцрнуваат името кое го градам во 33 годишна кариера. Затоа го побарав уредникот на 1ТВ, , кој на мојата молба да бидам повикан и да расчистиме на основ на што ме квалификуваат како мафијаш, ми кажа дека тој нема врска со таа работа и ме упати кај сопственикот на телевизијата, . Веднаш потоа му се јавив на кој ми кажа дека припрема емисијата за мене е на база на цврсти докази, наводно добиени од финансова полиција, која не ме известила дека против мене се води некаква истрага во МВР, за да некои наводни документи за мене се веќе стасани до телевизија. Првиот телефонски повик кој го обавив со беше ден по објавување на шпицата, по кој ми најави дека ќе ме побара за 2 дена. Во петокот се

слушнавме, како што ми најави и ми кажа дека целата таа работа може да се среди за 50.000евра или стан. Рекетирањето е пријавено во МВР.

Поради неправдата со јавното линчување која ми ја нанесе телевизијата 1ТВ на чел0 со сопственикот свикав пресконференција на која и ги повикав на јавна дебата на било која телевизија, како би можел да добијам шанса да одговорам на наводните „цврсти" докази со документи и факти. Непрофесионалниот однос на телевизијата и сопственикот на истата продолжи со злоупотреба на медиумскиот простор. Имено Бојан Јовановски истиот ден по мојата пресконференција имаше свое излагање во ударниот термин на својот медиум, каде продолжија да шират лаги и клевети.

Се прашувам дали е професионална пракса медиумите и новинарите, без да понудат бил0 каков доказ, цел месец на телевизиите моето име да го поврзуваат со мафија, без право да се одбранам и да се заштитам од лаги и клевети? Има начин и процедури кои мора да се почитуваат, кои во мојот случај се злоупотребени и ги нарушуваат моите основни ч0вековиslободи и права, а што претставува основно темелно начело загарантирано со Уставот на РМ со кое физички0т и моралниот интегритед на човекот се неприкосновени. Без тоа секој од нас е мета и нема владеење на правото. Веќе цел месец без да понудат бил0 што се прогласуваат себе за бескомпромисни борци против криминалот и праведници.

Тоа што го користат и скандализираат м0ето име веќе цел месец, за рекламирање на престојната емисија, без да ми се даде можност збор да кажам или да доставам бил0 каков доказ во своја одбрана е крајно нечесен однос на еден медиум и спротивно на новинарскиот код. Се надевам дека вие како тело кое се занимава со заштита на правото на јавноста да добие објективна и целосна информација согласно новинарските стандарди и етичките норми ќе ја усвоите мојата жалба и веднаш ќе постапите по истата, со тоа што ќе донесете одлука во која ќе биде утврдено дека 1тв во конкретниот случај како медиум грубо го има прекршено кодексот на новинарите и да го задолжи предметниот медиум истата одлука јавно да ја 0бјави.

Со почит,

**Датум и место на поднесување**

**15.02.2019 година, Скопје**

**Потпис на подносителот**

**Ви благодариме!**